***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК***
***НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ***

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **30.11. 2010 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 14** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за III квартал во временски период од 01.01. до 30.09.2010 година**

Се објавува Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за III квартал во временски период од 01.01. до 30.09.2010 година бр. 0701 - 826, што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 година.

**Бр. 0801-834**
**30.11. 2010 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Општина Свети Николе во текот на првиот квартал од 01.01.2010 до 30.09.2010 година има реализација на Буџетот на Општина Свети Николе во вкупен износ од **151.329.631,00 денари** или изразено во процент изнесува **58,14 %.,** споредено план со реализација.

Основниот буџет на општина Свети Николе за третиот квартал има реализација од 40.221.799,00 денари или изразено во проценти изнесува 42,18%. Следејќи ја историјата на базата на податоците за реализацијата во последните пет години мораме да напоменеме дека последниот четврт квартал од годината е најпрофитабилен и општината остварува најголем процент на реализација.Во овој квартал се согледуваат и сите потребни пренамени на средствата кои би требало да ги направиме како општина и ако има потреба да се зголемат или намалат средствата во соодветни програми .Во основниот буџет на општината најмногу има намалување на средствата во данокот на промет на недвижности и права и овој приход како приход е секогаш променлив но ова е прва година кога планираните средства се исклучително помлаи од очекувањата. Затоа што не е остварен овој приход и приходот од комунални дејности имаме толку мала реализација на основниот буџет.

Ако се направи анализа на средствата како се реализирани и потрошени за овие три квартала се добива следната слика на реализација на трошоци во основниот буџет:

- За плати и надоместоци на вработените во локалната самоуправа се потрошени 31,6% од вкупните расходи

- За тековни резерви и исплати на советници 3,00%

- За патување во земјата патни трошоци, споредни трошоци и патарини како и трошоци напаравени надвор од државата во кој спаѓаат и сместувањата има направено трошок кој изразен во процент изнесува 0,2% или во денари изразено изнесува 98.627,00 денари

- За комунални услуги во кој спаѓаат(електрична енергија, огрев, телефон и телефакс, регистрација на моторни возила, гориво и масла, пошта ) исплатени се 16% од реализаните трошоци или во денари изразено изнесува 6.757.704,00 денари

- За материјали и ситен инвентар во кој спаѓа и одржувањето на уличното осветлување, одржувањето во детското одмаралиште во Дојран како и сите поправки кои се направени во општинската зграда, во овој дел спаѓа и набавката на материјали за посебни намени како што се знаците за сигнализација лежечки полицајци и се она што е специфично како материјал кој има посебна намена и самиот износ за овие трошоци изнесува 3.277.358,00 или 8%

- За поправки и одржување на моторни возила,поправка и замена на резервни делови гуми и други делови кои се потребни за возниот парк на општината како и за одржување на зелени површини се потрошени средства во износ од 2.712.329,00 денари или во проценти 6,7%

- За други договорни услуги ангажирање на лица кои имаат извршено определени услуги кон општината, надомест за експропријација , исплата на проекти за урбанистички и просторни планови, примарна заштита, услуги за копирање и печатење има реализација во износ од 2.893.628,00 денари или во процент изразено 7,19%

- За расходите кои се однесуваат на репрезентација, посета на семинари и конференции, објава на огласи, членарина во домашни и странски

заедници има издвоено средства во износ од 1.395.020,00 денари или 3,4%

- За привремени вработувања кои беа на терет на општината а се однесуваа за лица кои имаа заснивано работен однос во Домот на културата и се однесуваше на првите шест месеци има исплатено средства во износ од 155.436,00 денари или 0,3%

- На ставките кои се однесуваат за исплатата на невладини организации, здруженија на граѓани како и трансферите до спортски клубови и организации од невладин сектор има износ од 1,5%

- За судски решенија има исплатено 940.454,00 денари и овој износ не е реален затоа што во делот за исплата на комунални услуги има исплатено уште 1.000.000,00 затоа што во тој момент немало доволно средства на таа ставка за исплати по судски решенија. Со ребалансот на буџетот на општината овие сметководствени несогласувања ке бидат исправени.Процентот кој е задржан по основ на судски решенија изнесува 4,82%

- Социјалните бенифиции кои се однесуваат на еднократна парична помош и награда за новороденчина изнесува минимални 0,2%

- За купување на опрема и машини во кој спаѓа комбинираниот ровокопач(скип)има исплатено износ 1.627.289,00 или 4,04%

- За изградба и реконструкција на патишта улици и автопати како и за учество во полигонот на О.О.У. „Кирил и Методиј"има исплатено средства во износ од 5.117.526,00 денари или 12,7%. Кога станува збор за инвестирање мораме да напоменеме дека и покрај сите потешкотии општината максимално се заложува да имаме и развојна компонента во делот на инвестициите. Со оглед дека нашите финансиски средства се мошне лимитирани како општина и нашата општина не општина која е во развој и подем туку е општина која се обидува од сопствените финансиски капацитети да издвои максимален износ за капитални инвестиции кое е позитивен развоен момент на општината. Нашите залагања се стремат кон максимално зголемување на инвестиции во општината. Капиталните објекти кои ќе бидат изградени до крајот на годината значително ќе го зголемат делот на учеството на капиталните инвестиции во основниот буџет на општина Свети Николе

- За вложувања и нефинансиски средства се мисли пред се на надомест за експропијација на имот кој се однесува за место кое е одземено на граѓани имаат сопствено земјиште на локацијата кај Дивјак и истите имаат потпишани договори по овој основ. Износот иплатен на овие лица изнесува 573.516,00 или 1,4%

- За набавка на мебел во просториите на општината како и опрема потреба за работа на локалната администрација има потрошено 350.000,00 денари а во овие средства се исплатени и дел на обврски од претходната година и процентот кое исплатен изнесува 0,8%

- За набавка на моторно возило кое е набавено и преотстапено на ЈКП има исплата од 350.000, 00 денари и процент од 0,8%

Од погоре наведеното го имате подетално образложено извршувањето на основниот Буџет на општина Свети Николе за 2010 година.

Во делот за намеските дотации мора да се каже дека тие се реализирани во износ од 99.257.799,00 денари или изразено во проценти 77,3%. Динамиката на реализација е на идеална страна.Средствата од блок дотациите ке бидат зголемени за вишокот на средтсва кој е остварен а неискористен во 2010 година.Динамиката на остварување на оваа сметка е успешна затоа што најголем процент од овие средства се за исплата на плата и надоместоци и тоа високи 80% а остатокот од средстсата кои се предвидени се за тековно опреративно извршување. Кога би била реализацијата во сите сегменти како во наменската ќе имаме идеално остварување на Буџетот. Идеалното остварување не значи дека ќе имаме оправданост во делот на оперативноста на буџетот но планираното ќе биде идеално остварено.

Во делот за самофинансирачките активности имаме реализација и процентот изнесува 46,69%. Динамиката на активностите кои се спроведуваат во делот на самофинансирачките активности покажува значително подобрување на реализацијата во третиот квартал .




Во делот на дотациите имаме реализација на 8,6 % но ова се подобрува и ефектот ќе го постигне во последниот квартал каде ќе се релизираат проектите за колекторен систем како донација од Фондот за води, како и донациите за Социјалниот објект и Полигонот во „Кирил и Методиј" како донација на ЦИР-а

Според погоре прикажаниот графикон може да се констатира дека Општина Свети Николе по соодветните програми се обидува максимално да ја извршува функцијата за соодветните политики во сите области кои ги има зацртано и предвидено за 2010 година.

Табеларен приказ на предвидени со реализирани приходи во Основниот Буџет за 2010

| конто | Опис на приход | Планирано | реализирано |
|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 1.605.000 | 1.026.510 |
| 713 | Даноци на имот | 20.000.000 | 6.982.520 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 20.655.511 | 11.556.304 |
| 718 | Такси за користење или | 180.000 | 32.230 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | вршење на дејност | | |
| 722 | Такси и надоместоци | 620.000 | 373.138 |
| 723 | Административни такси и надоместоци | 2.000.000 | 1.580.423 |
| 724 | Други Владини услуги | 335.000 | 127.532 |
| 725 | Други неданочни приходи | 3.485.000 | 996.630 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 46.464.900 | 17.546.413 |
| 731 | Продажба на капитални средства | 5.000.000 | 2.516.783 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематријално вложување | 12.488.000 | 771.448 |
| | **Вкупно** | **95.345.411** | **40.221.799** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Просторниот штаб за заштита и спасување за Општина Свети Николе**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на Просторниот штаб за заштита и спасување за Општина Свети Николе бр. 0701 - 827, што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 год.

**Бр. 0801-834/2** — **Градоначалник,**
**30.11. 2010 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 94 став 4 од Законот за заштита и спасување (,,Службен. весник на РМ,,, бр. 36/04), како и член 22 став 1 точка 10 и член 36 и 62 од Законт за Локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/2002, а во согласност со Уредбата за видот, големината и организацијата на силите за заштита и спасување (,,Службен весник на РМ,, бр. 12/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 30.11.2010 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Просторниот штаб за заштита и спасување за Општина Свети Николе**

1.Од помошник на Началникот за технички мерки и заштита и спасување се разрешува

- Александар Јованов

2. За помошник на Началникот за технички мерки и заштита и спасување се именува:

- Горан Арсов за заштита и спасување од поплави

3. Решението влагува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Свети Николе” .

**Бр.0701-827** **Совет на Општина Свети Николе**
**30.11. 2010 год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе**

Се објавува Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе бр. 0701 - 828, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 година.

**Бр. 0801-834/3** **Градоначалник,**
**30.11. 2010 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 95 од Статутот на Општина Свети Николе, член на Советот на Општина Свети Николе на Советот на Општина Свети Николе му предлага да ја прифати

**Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе**

**1.** Се предлага измена и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе со додавање на нов член со кој ке се регулира прашањето во делот на начинот на работа, одлучувањето и други прашања од значење за одржувањето на форумите на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во локалната заедница по прашања од надлежност на единицата на локалната самоуправа.

**2.**Форумите се организираат заради јавно расправање или постигнување согласност на локалната јавност за предложените приоритети во документите за стратешки локален развој, за јавни дебати за проблемите и утврдување решенија и приоритети, како и за предлагање и избор на проекти или заради развивање проекти од интерес на заедницата, што финансиски ќе бидат подржани од општината или заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржи форумска програма и општински проекти.

**3.** Со имплементирањето на оваа статутарна измена Општина Свети Николе се стекнува со приоритет при одлучувањето за прифаќање на проекти аплицирани кај странски донатори.

**Бр. 0701 -828** **Претседател,**
**30.11. 2010 година** **на Советот на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за прифаќање на иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за прифаќање на иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе бр. 0701 - 829, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 година.

**Бр. 0801-834/4** **Градоначалник,**
**30.11. 2010 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 95 од Статутот на Општина Свети Николе, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 30. 11. 2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе**

**член 1**

Советот ја прифати иницијативата поднесена од член на Советот за изменување и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе во делот на начинот на работа, одлучувањето и други прашања од значење за одржувањето на форумите на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во локалната заедница по прашања од надлежност на единицата на локалната самоуправа.

**член 2**

Се задолжуват службите за наредната седница на Совет на Општина Свети Николе да изготват Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе" .

**Бр. 0701 -829** **Претседател,**
**30.11. 2010 година** **на Советот на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на КП бр. 1215 и дел од КП бр.1218 м.в.” Периш “ , КО Свети Николе , Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на КП бр. 1215 и дел од КП бр.1218 м.в.” Периш “ , КО Свети Николе , Општина Свети Николебр. 0701 - 830, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 година.

**Бр. 0801-834/5** — **Градоначалник,**
**30.11. 2010 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 точка 2 алинеја 4, а во врска со член 13 и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија “ бр.24/08 – пречистен текст ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 година донес

**О Д Л У К А**

**За пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на КП бр. 1215 и дел од КП бр.1218 м.в.” Периш “ , КО Свети Николе , Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на КП бр.1215 и дел од КП бр.1218 м.в. “ Периш “ КО Свети Николе , Општина Свети Николе за изградба на објект за производство на мебел со пропратни содржини .

**Член 2**

Изработката на планот ќе започне по добивање на услови за планирање на просторот од Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701-830** — **Општина Свети Николе**
**30.11. 2010 година** — **Претседател на Совет,**
**Свети Николе** — **Васко Пашовски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистички план за село Амзабегово за КП бр. 2708 , м.в. Село , КО Амзабегово , Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистички план за село Амзабегово за КП бр. 2708 , м.в. Село , КО Амзабегово , Општина Свети Николе 0701 - 831, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 година.

**Бр. 0801-834/6**
**30.11. 2010 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 точка 2 алинеја 4, а во врска со член 13 и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.24/08 – пречистен текст ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 година донесе

**О Д Л У К А**

**За пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистички план за село Амзабегово за КП бр. 2708 , м.в. Село , КО Амзабегово , Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се пристапува кон измена и дополна на дел од Урбанистички план за село Амзабегово за КП бр. 2708, м.в. Село , КО Амзабегово , Општина Свети Николе

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе"

**Бр. 0701-831**
**30.11. 2010 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Претседател на Совет,**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за урврдување на нацрт Детален урбанистички план за локалитет "Бел Камен", УБ " 1 " измена и дополна , Општина Свети Николе 2010-2015 година**

Се објавува Одлука за урврдување на нацрт Детален урбанистички план за локалитет "Бел Камен", УБ " 1 " измена и дополна , Општина Свети Николе 2010-2015 година 0701 - 832, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 година.

**Бр. 0801-834/7**
**30.11. 2010 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.51/05,бр.137/07 и бр.91/09), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**За урврдување на нацрт Детален урбанистички план за локалитет "Бел Камен", УБ " 1 " измена и дополна , Општина Свети Николе 2010-2015 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Свети Николе го утврдува нацртот на Детален урбанистички план за локалитет "Бел Камен", УБ " 1 " измена и дополна , Општина Свети Николе 2010-2015 година. По утврдувањето на Нацртот на Деталниот урбанистички план ќе се спроведе Јавна презентација и Јавна анкета.

**Член 2**

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на Општината.Времето на изложување на планот и спроведување на Јавната презентација и Јавната анкета е 10 работни дена и ќе биде објавено со соопштение во јавните гласила.

**Член 3**

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на стручна комисија формирана од Градоначалникот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0701-832**
**30.11. 2010 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Претседател на Совет,**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за отварање на донаторска сметка**

Се објавува Одлука за отварање надонаторска сметка бр. 0701 - 833, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.11. 2010 година.

**Бр. 0801-834/8**
**30.11. 2010 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" број 5/02) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.11.2010 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за отворање на донаторска сметка**

**Член 1**

Општина Свети Николе да отвори посебна донаторска сметка на која ќе се прибираат средства од организираните хуманитарни настани во борбата против ракот на дојка.

**Член 2**

Потписник на сметката и лице кое ќе врши исплата на помош на подносителите на барање за парична помош од оваа категорија на граѓани е Градоначалникот на Општина Свети Николе.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник" на Општина Свети Николе.

**Број 0701- 833**
**30.11.2010 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Васко Пашовски с.р.**

**С о д р ж и н а**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот
на Општина Свети Николе за ИИИ квартал во временски период
од 01.01. до 30.09.2010 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1

2. Решение за разрешување и именување на член на
Просторниот штаб за заштита и спасување за Општина Свети Николе . . .. . . . . .стр.5

3.Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот
на Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.6

4.Одлука за прифаќање на иницијатива за изменување
и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.7

5. Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална
урбанистичка планска документација на КП бр. 1215 и дел од КП бр.1218
м.в.” Периш “ , КО Свети Николе , Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . стр.8

6. Одлука за пристапување кон измена и дополна на дел од
Урбанистички план за село Амзабегово за КП бр. 2708 , м.в. Село ,
КО Амзабегово , Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.9

7. Одлука за урврдување на нацрт Детален урбанистички план
за локалитет “Бел Камен”, УБ ″ 1 ″ измена и дополна , Општина Свети Николе
2010-2015 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.10

8.Одлука за отварање на донаторска сметка. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.11

**Број 0701- 835**
**30.11.2010 година**
**Свети Николе**